Ристо Маџунков

# СПОМЕНИ

*Сӣомени*
Ристо Маџунков

Издавач:
Современост, Скопје

За издавачот:
Стефан Марковски

Уредник:
Славчо Ковилоски

Лектура:
????????????

Печати:
Академски печат, Скопје

Тираж:
????????????

CIP - Каталогизација во публикација

Ристо Маџунков

# СПОМЕНИ

СОВРЕМЕНОСТ
Скопје, 2020

*“Свети Боже, свети крепки, свети бесмертни помилуј нас, запази нас, спаси нас. Амин !“*

## ПИСМАТА

кои одамна веќе ги нема
јас сѐ уште ти ги праќам
а ти сѐ уште ги чуваш

## РАЗБИРАЊЕ

Целиот неред напластен
со страдални хромозоми
на оваа измачена планета

почнува најпрво да се приближува,
а потоа и да се уредува

кога започнуваме едноставно
да се разбираме меѓу себе

и кога спокојно продолжуваме
во тишина да го делиме

заедничкиот воздух
на преостанатото време

# МИНАТОТО

може да се менува само
ако постои можност
да се патува низ времето

иако подобро би било
да остане како траен сведок
на сѐ она што поминало

## ЗАВЕТ

кон нашите предци
да продолжиме

сегашните и идни моменти
да ги посветиме во градење

а не во обид за бришење
на минатото време

# ДОМ

Стојам пред местото
од кајшто тргнав
во светот

и каде постојано се враќам
да го населам одново
минатиот живот

# БОИ

Се додека силата
на создавањето е вткаена
во нашите патувања

постои можност
да се просветлиме

носејќи ги до крајот
со себе сите бои
наречени живот

## СЕ ВОСХИТУВАМ

на нејзината посветеност
секој ден во исто време
да ги храни рипките

и постојано да ја чува
кристално чиста
водата во аквариумот

# НАЈГОЛЕМА

награда
за секоја книга
е таа да биде
прочитана

# ПОДОБРО

е грам искреност
за тон доверба

отколку грам власт
за тон злато

# ЛУЗНИ

Мала е маката
од повредите
во споредба со тагата

на оние што остануваат
со трајни лузни од раните
нанесени од некој друг

## ОСТАНУВА

само надежта
на невините

со молитва
да најдат правда
во хаосот на светот

## ВО ПОСЛЕДНО ВРЕМЕ

се случува да останеме
зашеметени

повеќе од сопствените
отколку од сите други
недоветности околу нас

што си дозволуваме
да ги слушаме и восприемаме
во огромно количество

## НАЈТЕШКО Е

кога само времето
останува

да сведочи немо
за сторените грешки

# РАЗБУДИ СЕ

Не постојат скришни места
на патот до твоето срце
кои не можам да ги следам

# ПРОМЕНИ

Не е можно
да се поверува колку
светот е спротивставен денес

во однос на времето
кога сите се колневме
на љубов до гроба
и живот за секого

# ОД ЧЕСНИОТ ТРУД

до оние кои
покрај сите оправдувања
и самите знаат

дека станува збор
токму за тие,
заработените пари
што ни ги должат

заедно со потрошеното време
од нашиот напатен живот

# ОНА

што не чека на крајот,
почнува на почетокот

# ЛЕТ

Откако знам за себе
додека бев дете и во младоста
постојано сонував како летам

и подоцна додека навјасаа грижите

за денес пак да се вивнам
и да им направам чест
на спомените

# СВЕТЛИНО

отвори го патот
до моето срце
да можам да те следам

и подај ми го за момент
твојот спектар
засекогаш да прогледам

## СИТЕ УБАВИНИ

произлегуваат од препознавање
на едноставноста на нештата

создадени од љубов и мир
во ретките моменти
на отстранети грижи
и празнини исполнети среќа

# ПРИСУТНОСТА

на срамот е потреба
и природна рамнотежа

чие постоење
нѐ чува постојано
од нас самите

# НАЈПРВО

со многу љубов да си простиме
себеси и потоа на сите други

за да се ослободиме од пеколот
што сами го создаваме

и почнеме да го множиме животот
со моменти на среќа

без чувства на гнев кон никого
ниту страв од ништо на светот

## ЧЕКАЊЕ

Што нè прави среќни?
е прашањето

кое го чекаме цел живот
да биде поставено.

# ПОМОШ

Ако не може животот
да биде добар за сите

да си помогнеме еден на друг
за да стане барем
поднослив за секого

# СПОМЕН

Мајка ми ме дарува
со еден од ќилимите
исткаени од нејзини раце

од времето кога брат ми
како дете ѝ носел предено
на мама од баба ми Анастасија.

Тој примерок сè уште го покрива
сонот мој наместо мајчината рака.

## НЕПОТРЕБНО

се плашиме од дивите ѕверови
место да им помогнеме
и да ги заштитиме

тие уплашени души
кои не знаат каде се

ниту пак разбираат
нешто од она што се случува
со нив или околу нив

## **КУЛТУРА**

*на ММ*

Додека во светот интересот
е позитивна перцепција за стварноста
во нашата култура е обратно

Татко ни на пример за некој
кој е недостоен велеше дека е
интересџија и долна пара

зашто интересот сам по себе
не би требало да биде доблест
за кој и да е чесен човек

## ЗАЕДНО

Насмевнете се и дојдете
на прошетка по патеките,

да им се восхитуваме на црниците,
смоквите и калинките заедно
како некогаш

# СПОМЕН

Нашето име е лек против тагата
на беспомошните

роднокрајно поле посеано
со непребол семе од стара пченица

нежно галење на елка од дете
засолнето во топла соба

созвучје од минатото и спомен
достоен за помнење

## БОЖЕ

однеси го во пуста земја
лошото време

пред да ја преврти
утробата на светот

# ТИЊА

Се плашам од оние
што ѕиркаат во утробата
на други луѓе

со намера да ја оставaт таму
својата тиња

# ДЕВОЈКАТА

од мојата младост
колку беше поубава толку

ретко некој се осудуваше
да ѝ пријде

затоа честопати
останувааше сама

# ВО ОВА ВРЕМЕ

кога ништо веќе
не е исто како порано

сакам да го спомнам
македонскиот збор
и нашите стари думи

на сите тие алтани
сочувани низ вековите
да се сетам

## ПРИСУТНОСТ

иако не ме гледаш
знај секаде сум

најмногу во љубовта

## ВЉУБЕНИ

Секој живее некаде
на некоја улица и број,
сам или заедно со некого.

Само вљубените копнеат
да побегнат некаде далеку,

да се претворат во мисла
која ќе се одлепи од здивот

и ќе ги смести засекогаш
таму некаде без број
и што подалеку од светот.

# НАТРАПНИК

Кога го видел несреќникот
испрскан со млекото
на својата неверна сопруга
останал беспомошен

и место веднаш да го застрела
почнал да го жали

зашто судбината на натрапникот
му се присторила потешка
и од неговата

чунки не знаел асално да цица
и само така се лигавел

# КОГА НЕ НЕМА

животот постепено
ја губи бојата
и станува црно-бел

налик на нем филм
или стара фотографија
која  бледнее со времето

# СИ СПОМНУВАМ

со каква љубов и жар
правевме некогаш серенади

неуморно чекајќи ги девојките
да дадат знак за нашето присуство

подотворувајќи срамежливо
некој прозорец

за појасно да ги слушнат
тие преубави мелодии

долго пред домаќините
да ја осветлат ноќта

## СЕ ПРАШУВАМ

дали може
да му се поверува
на неверојатното

дури и ако се случи

# ПРВАТА ЉУБОВ

на баба Македонка била стара
и се викала Орце и била спомен
од нејзината најрана младост

за која таа не сакаше опширно
да зборува

само ќе го спомнеше времето
и патеките по кои поминувале

и ќе речеше дека никогаш
не престанала да го милува

иако сите тие години изврвеле
и ора се виеле

само тие не биле веќе весели
како некогаш

# НЕ ПОСТОИ

сила на светот
што ќе му забрани
на некого да мисли

## ТИШИНА

Се плашам дека зборовите
стануваат беспомошни

додека сонцето полека гасне
и ја губи топлината,

а светот останува покриен
со мракот и тишината.

# НА КРАЈОТ

што  се може
што да се прави

важно не се мачеше многу
и се смири на крајот

од тоа бегање нема
и сите ќе завршиме таму

само да е по ред и пред сè
децата да се живи и здрави

# **РАЃАЊЕ**

Роден сум
во наколно живеалиште
среде Прасијадското езеро

во земјата Пеонија
од минатиот живот

# ЧЕДО

Иако нашата смрт
почнува со самото раѓање
никој не плаче, туку

сите му се радуваме
на новороденото чедо.

# ВРЕМЕПЛОВ

Некогаш за ученик од нашиот крај
беше достаточно да помине
покрај кафеана за да биде исклучен.

Денес никој и не помислува
на блискоста на младината
со коцкарниците

расеани на секој ќош во градот
како никаде на светот.

# НЕПОКОР

Езерото дише и се прелива
под налетот на дождот

ова лето постојано врне
врз наредените чамци
оставени покрај кејот

врз младоста на нашите срца
покриена со минливи цветови

врне како во рана пролет
во ова земја на пчелите
подготвени за непокор

# ПАТУВАЊЕ

Ми доаѓа да патувам
долго низ времето,

да ги поминам сите
педесет милијарди галаксии,

да не останам заробен
некаде во вселената,

и пак да се вратам
дома на крајот.

# ПРИБЕЖИШТЕ

По сите патувања низ светот
полн со места и работи за видување
најсреќни сме во мислите

кога имаме прибежиште
кое не чека да се вратиме дома

# СТРАВ

Кога се враќам дома
најмногу ме обеспокојува
и плаши мислата

дека ќе го најдам  испустен домот
кој цел живот сум го градел

претварајќи се на крајот
во питач пред сопствениот праг.

# РАЗДЕЛБА

Кога ги прелиствувам
спомените откривам

дека баба ми има заминато
од заедничкиот дом
само неколку месеци по деде

со желба да не остане
ни миг повеќе сама
во ноќите

# ГЛАС

Не е вртење во место
туку последен обид

на сопатникот кој застанал
да се одмори пред да крене глас
и продолжи по патот

# БЛАГОСЛОВ

Да си го прибере паметот
човек со време
и да си ја собере фамилијата,

па да си седнат на софрата
како Господ што оставил
сите заедно

за да си видат со свои очи
што е тоа благослов

# ТАЈНА

Мислеше ако ја сподели со пријател
ќе му олесне на душата

иако знаеше дека довербата
обично се граничи со слабост
и можност за нејзино користење

Затоа реши во иднина јавно
да ги споделува своите тајни
и престане да ги остава на чување

## ТИРАНОСАУРУСИ

По милиони години чувари на земјата
и последните диносауруси изумреле

пред околу  педесетина илјади години
заедно со гордите ирваси се појавиле
срамежливо и homo sapiens-ите

кои во последните двесте години
со светлосна брзина ја загадуваат
својата мајка Земја претворајќи се
во нејзини тираносауруси

## АРАМИЈА

Везден мисли како да ви го зеде
со пот спечаленото,

препознавајќи го вашето
како негово.

## ВТОР АМАНДМАН

Сѐ повеќе ја сфаќам потребата
од вториот амандман за самоодбрана
на Американските граѓани

како опомена да не се охрабрува никој
да му ја чепка чесно заработената
сопственост на некого,

зашто амандманот му дава за право
на секој домаќин
да го пука или расече натрапникот
влезен со цел да му буричка по утробата.

# НЕРЕД

Сонив страшен сон како луѓето
ја презеле правдата во свои раце

и место да се судат почнуваат
да се повредуваат едни со други.

Жените со караници и клетви,
со измислици и клевети,

мажите со кавги и ќотеци на почетокот
од тупаници и тешки повреди

до нескриена намера за некој
да биде убиен на крајот

## ЗАДИМЕНИ КАФЕАНИ

Место да се одмораме дома
и си зготвиме нешто домашно,
јадеме и пиеме по кафеани.

Место да се осамиме во природа
или се сретнеме со пријатели
за да се изнаприкажеме на чист воздух,

голтаме дим по тие загушливи места
на нашето катадневно постоење.

## РАЗЛИКА

Ја гледам топлината
како го напушта домот
на нашето присуство

свесна дека сонцето
полека гасне над светот

потпалувајќи ја можноста
за правење разлика

меѓу вистината на кажаното
и стварноста што опкружува

# МОЌНИТЕ

застануваат секогаш заедно
и немилосрдно да ја прогонуваат
убавината на посебноста,

место да ја олеснуваат
среќната насмевка

на таа необично различна
естетика на размислување
која е за нив недостижна.

# ОНА ШТО ПЛАШИ

е стравот дека се брише
минатото,

дека иднината ќе се испразни
и ќе остане без спомени,

дека сонот ќе биде обеспокоен
уште пред нашето заспивање

и само трошки ќе останат
за да се разбуди

сè она што со векови
ни лежи на срце.

## ТРАГИЧНО Е ЧУВСТВОТО

кога ја подарувате
сета своја доверба,
надеж и љубов

на оние кои знаеле
од самиот почеток дека

свесно ве користат
до крајот

# МИСЛА

Љубовта на мислата
исткаена во слобода

трае независно
од времето

и ја ослободува
душата

# СТАРОТО МЕСТО

Најнапред направив скалила
за да ги искачам планините,

да стигнам до старото место
огреано со сонце, води и небо

за таму да се спојам со тебе
во вечноста на ѕвездените ноќи.

## ЗА ТЕБЕ ЧИТАТЕЛУ

Насмевни се

кога срцето ти е полно
со страв и тага
не плаши  се

радоста и насмевката
се дарови од небото
за тебе

## КУСА БИОГРАФИЈА

Ристо Мацунков е роден на 24.05.1948 година во Струмица. Основно образование и гимназија завршил во својот роден град, а медицински факултет во Белград (1973). Специјализирал во Скопје и Париз (1979-1982). Основач и долгогодишен началник на Службата за Трансфузиологија во Струмица. Од 2006 година живее и работи во Торонто, Канада.

Автор е на пет поетски книги: “Спомени” (Современост, 2020) “Семки” (“Современост, 2019) “Вечен збор”, второ преработено издание (“Антолог” 2018), “Прашинки” (“Антолог” 2017), Капки (“2 Август”2014), Глас во пустина (“НИП 21”1994), “Вечен збор”, прво издание (“НИП21” 1992). “Корени” му е шеста по ред збирка поезија. Коавтор е на прирачникот за трансфузиона медицина “Микроаглутинациски техники” (РЗТ 2000).

Добитник е на Медал за унапредување на крводарителството на Р.Македонија (Црвен крст на РМ, 2000), годишна награда Медал на град Струмица (2001), Плакета за значаен придонес на развојот на Македонското лекарско друштво (2004), Златна значка за придонес во работата на “Универзитетската здравствена мрежа” во Торонто ((2014). Благодарница за организација на крводарителството и покажана хуманост и солидарност во текот на својот живот (Црвен крст на РМ, 2017).

## ИМЕТО Е ЛЕК ПРОТИВ ТАГАТА

Ристо Маџунков. *Спомени*. 2020. Скопје: Современост

Стихозбирката *Спомени* на Ристо Маџунков (1948, Струмица) точно ги потврдува творечките искуства и резултати со кои авторот се впишува во тековите и резултатите на современата македонска книжевност. Спомените како синоним на самопроверка и превреднување едноставно ја испишуваат дефиницијата за етичките и естетски димензии на автохтоноста на творечката лабораторија на поетот.  Неговата песна е кратка, јасна, мудра, читлива, едноставна и отворена за дијалог со читателите. Патот од едната до другата страна, изоденоста од субјектот/автор до колективот/читателите е прав и рамен. Пораката како тенденција е не ретко нема, нечујна воздишка оти смртта е ништо, ама животот е мисла и смисла на космосот.

Во име на тој еден и единствен живот сумиран во спомен/спомени се истакнува дека името е лек против тагата. Името е чест и достоинство, традиција и континуитет, добрина и љубов, верба и надеж. По заминувањето во вечноста само името останува како сведоштво за човекот, времето и просторот кои некогаш биле живот. Затоа како зеница во окото која го перцепира космосот треба да се чуваат и негуваат честитоста, искреноста, вистината и само вистината. Чистотата на човековата душа е највозвишена егзистенцијална димензија и таа е лек за сите отворени рани, потајно предупредува поетот со сопствената одговорност пред себе како лекар. Значи здравјето е најголема и незаменлива вредност што точно го одредува и дефинира субјектот. Краток е животот, човекот е солза што в миг може да исчезне, да се изгуби и како ништо да не било притоа. Таквата филозофија строго ја назначуваат насловите на творечките објави на Маџунков содржани и изразени со еден краток збор како *Семки, Прашинки, Корени*, па

осаменоста да се надмине ќе додаде и втор збор *Вечен збор, Глас во пустина*.

Апокалиптичните слики кои се огледало на забревтаната и превртена реаланост што не вознемирува и преплашува не пресретнуваат во песната *Разбирање*. На самиот почеток во средбата со новата творечка објава на Маџунков, втора песна, се разоткрива целиот неред престорен во хаос натежнат со страдални хромозоми на измачената планета. Дали нештата се средуваат кога најпосле почнува едноставно меѓусебното разбирање и кога потоа спокојно во тишина се споделува заедничкиот воздух  на преостанато време. Поетските минијатури кои го составуваат и најголемиот дел од содржината на книгата едноставно се искри на мудроста со три до четири реда/стихови. Како илустрација го наведуваме почетното тристишие *Писмата* во кое откриваме  оти тие писмата *кои одамна веќе ги нема / јас сè уште ти ги испраќам / а ти сè уште ги чуваш* и песната *Подобро* како верба, љубов и надеж оти сепак подобро *е грам искреност / за тон доверба // отколку грам власт / за тон злато*. Човекот и животот се сегашност или поточно алка со минатото и иднината. Надвор од тоа и такво тројство нема ништо. Сите нешта притоа се бесмисла, минливост, апсурд, парадокс. Имено според авторот минатото може единствено да се менува со можноста за патување низ времето, но веднаш како крик се одгласува негодувањето оти би било подобро, поразумно тоа да остане траен сведок на сè она што било и поминало.

Идентитетот нè води кон/до нашите претходници зашто само така сегашните и идните моменти би биле посветени за градба на нови вредности, а не во обид да биде избришано минатото време. Папочната врска на човекот со светот беше спомената погоре. Во нив се крие болката на откорнатикот во далечното Торонто кој неутешно во песната *Дом* задумано стои пред местото од кајшто тргнал во светот, и потоа во второто тростишие се откриваат раните во мислите со кои постојано се враќа да го насели одново

минатиот живот. Превртено е времето, бесмислен е животот во сознанието на човекот.

Насловот на песната *Во последно време* го предизвикува првиот стих како самопризнание оти сè почесто остануваме зашеметени за чудо од сопствените наспрема од сите други недоветности околу нас со непоправливата грешка зашто  се слушаат и воспримаат во огромно количество.

Во мрак и слепило останала само надежта на невините кои со молитва треба да најдат или поточно да дојдат до правда во хаосот на светот. Постои ли правда во кафезот каде заробена чемрее душата. Промените се брзи, понекогаш несфатливи зашто и не е можно да се поверува колку светот денеска е сротивставен *во однос на времето / кога сите се колневме / на љубов до гроба / и живот за секого*.

Автобиографското во спомените на Ристо Маџунков логички има првостепено значење во поетското писмо како радост и вознес од една и како поразија од друга страна. Песната *Лет* е прекрасна илустрација за она што се сонувало, за тоа по што се копнеело и на светлината од денот парадоксално птицата умира со скршени крилја. Пеплосани се сите илузии, изгубени се соништата. *Откако знам за себе / додека бев дете и во младоста / постојано сонував како летам // и подоцна додека навјасаа годините // за денес пак да се вивнам / и да им направам чест / на спомените*. Присутноста предупредува оти срамот е потреба и природна рамнотежа и постојано нè чува од нас самите.

Ристо Маџунков е човек со мисла и срце та оттука и неговата порака или би рекле повеќе предупредување дека најнапред она што треба да се направи е простувањето на самиот себе и потоа на сите други со многу љубов, зашто само така е можно ослободувањето или бегството од пеколот што самиот човек го создал. Спомените се секако едно од најубавите нешта во животот и со неа во списокот на убавите песни е *Спомен*(от) за мајката со мигот кога го дарувала со еден ќилим што самата таа го исткала. Тоа би-

ло времето кога брат му како дете им носел предено на мама од баба им Анастасија. И поентата во завршните стихови: *Тој примерок сè уште го покрива / сонот мој наместо мајчината рака*. Реалноста е страв и ужас. Песната *Непотребно* е порака оти не треба да се плашиме од ѕверовите, туку треба да им се помогне и да бидат заштитени. Едноставно, зашто тие се уплашени души кои не знаат каде, ниту пак разбираат нешто од она што се случува во нив и околу нив. Спомените се можност ако сооумееме сопственото/нашето име да го направиме лек против тагата на беспомошните. Е, тука треба да престанеме да читаме поезија и да се замислиме сами пред/со себе за созвучјето од минатото и споменот достоен за почит. Едноставниот и мудар говор за отуѓеноста и стравот што таа го носи како да потшепнува оти треба да се биде што подалеку од светот!?

Васил Тоциновски

# СОДРЖИНА

Писмата 7
Разбирање 8
Минатото 9
Завет 10
Дом 11
Бои 12
Се восхитувам 13
Најголема 14
Подобро 15
Лузни 16
Останува 17
Во последно време 18
Најтешко е 19
Разбуди се 20
Промени 21
Од чесниот труд 22
Она 23
Лет 24
Светлино 25
Сите убавини 26
Присутноста 27
Најпрво 28
Чекање 29
Помош 30
Спомен 31
Непотребно 32
Култура 33
Бои 34
Спомен 35
Боже 36
Тиња 37
Девојката 38
Во ова време 39
Присутност 40
Вљубени 41
Натрапник 42

Кога нè нема 43
Си спомнувам 44
Се прашувам 45
Првата љубов 46
Не постои 47
Тишина 48
На крајот 49
Раѓање 50
Чедо 51
Времеплов 52
Непокор 53
Патување 54
Прибежиште 55
Страв 56
Разделба 57
Глас 58
Благослов 59
Тајна 60
Тираносауруси 61
Арамија 62
Втор амандман 63
Неред 64
Задимени кафеани 65
Разлика 66
Моќните 67
Она што плаши 68
Трагично е чувството 69
Мисла 70
Старото место 71
За тебе читателу 72
Рецензија 73
Куса биографија 74
Името е лек против тагата